21

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 07-02-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 19 | 29/1 | / | / |

Врзн.: 19-106/1,2,3-21

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

**Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Подобрување на услугите во палијативната нега преку унапредување на вештините на млади Роми и нивно вработување во време на КОВИД 19**

(Име на проектот)

Скопје, 07.02. 2022 година
(место) (датум)

| 1. Општи информации за проектот и корисникот | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | Бр.19-186/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар“ Скопје |
| Наслов на проектот | Подобрување на услугите во палијативната нега преку унапредување на вештините на млади Роми и нивно вработување во време на КОВИД 19 |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2021 година до 31.01.2022 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Ипек Усаинова |
| Проектен менаџер | Себихан Демировски |
| Телефон и е-пошта за контакт | 075 211 247, Sebihan.demirovski@rrc.org.mk, info@rrc.org.mk |
| Цел на проектот | Придонес кон подобрување на услугите во палијативната нега преку регрутирање на млади лица од ранливи категории на граѓани, нивно зајакнување и вработување во време на КОВИД 19. |
| Целна група | - Млади невработени Роми;<br>- Специјализирана болница за геријатриска палијативна медицина “13 Ноември“ |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Ѓорче Петров, и Специјализирана болница за палијативна медицина „13 Ноември “ Скопје |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 599.999 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 599.440 ден. |

**2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Овој проект е дизајниран партнерски со Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина согласно потребите на целната група на проектот со цел кон подобрување на условите и услугите за палијативните пациенти во време на КОВИД 19 како и економско зајакнување млади Роми преку нивно вработување во самата установа како палијативни негуватели. Спроведените активности беа насочени кон постигнување на целите и резултатите кои се поставени за постигнување во рамките на проектот.

Преку проектот успешно се релизираа сите активности кои беа планирани во рамки на проектот,односно се успеа да се постигнат повеќе долгорочни резултати и тоа:

1. Развиена програма за обука за палијативни негуватели која во иднина ќе може да се верификува и да продуцира редовно кадри за палијативни негуватели и пополнување на дефицитот од таков кадар за потребите на Специјалнизиранат болница „13 Ноември“;
2. Обучени и оспособени 22 млади Роми од социјално загрозени семејства за палијативни негуватели;

3. Успешно обуката ја комплетираа 16 лица и истите се сертифицирани;
4. Ангажирани 6 млади Роми во Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина “13 Ноември“ кои успешно ја поминале програмата за палијативни негиватели.

Во рамките на проектот успешно се разви програма за обука на палијативни негуватели преку која ќе бидат оспособени за работа во самата болница за испорачување на услуги за палијативните пациенти. Врз база на развиената програма успешно се спроведе обука која ќе се состоеше во два дела: теоретски и практичен дел. За потребите на обуката беа селектирани 30 кандидати. Од нив 22 кандидати беа редовни на обуката, на крајот успешно обуката ја завршија и ја комплетираа 16 кандидати. Поради ситуацијата со Ковид 19 бројот на учесници значително се намали и не беше константна.

Во рамките на проектот се разви програма за обука за палијативни негуватели која понатака Специјализираната болница „13 ноември“ ќе бара верификување на програмата. За потребите на учесниците а и понатака во самата работа на палијативните услуги е развиен шрирачник ќе се користи и во иднина при едукација на нови ангажирани негуватели со цел здобивање со пракса пред започнување со работа.

Според планот целата обука беше спроведена во просториите на Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина. Обуката беше поделена на два дела: теоретски и практичен дел. Програмата се состоеше од 12 модули, од нив 5 модули се за теоретскиот дел кој опфаќа 35% од обуката. Останатите 7 модули, или 65% од обуката беше фокусиран на практичниот дел од обуката.

Целокупната обука се спроведе во периодот од 12.10.2021 до 25.01.2022 година. За обуката беа ангажирани експерти со долгогодишно искуство во палијативната нега. Според планот на активности обуката беше спроведена од страна на искусни стручни лица и експерти во областа на палијативната медицина и нега.

По завршувањето на обуката се спроведе завршно тестирање на кандидатите со цел да види знаењето со кое се имаат здобиено кандидатите. Најдобрите 6 кандидати се задржани на дополнителна пракса во рамките на Специјализиранат болница „13ноември“ и ќе бидат ангажирани како палијативни негуватели во рамките на Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина „13Ноември“ на 12 месеци, со можност за продолжување на нивниот ангажман.

На сите кандидати кои успешно ја завршија обуката за Палијативни негуватели им беа доделение сертификати.

| 3. Спроведени активности и резултати од проектот<br>Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати |
|---|

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1. Формирање на експертска група за развивање на | Како прва активност која беше предвидена во рамките на проектот е формирање на експертска група за развивање на модулот/програмата за | Август 2021 | формирана експертска група за развивање на модул/програма за плаијативен негувател - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| модулот/програмата за Палијативен негувател; | Палијативен негувател. Експертската група беше формирана, и во неа се вклучени како и што беше планирано според планот на активности на поректот: Д-р на медицински науки(Лидија Миљковиќ Ветерова), магистер по јавно здравје (Салија Љатиф Петрушовска), специјалист по социјална работа (Јорданче Јосифов). Во рамките на оваа група по потреба беа вклучени и ксперти лекари, магистар по јавно здравје, Д-р на мед. науки, Медицински Сестри со ВСС, Специјалист по социјална работа во здравство. Експертите воедно беа ангажирани при развивање на модулот за палијативен негувател ќе бидат лица од од Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина "13 Ноември", кои го имаат потребното искуство и експертиза во оваа област. Во групата исто така учествуваше и претставникот од РРЦ (координаторот на проектот Асан Есат) со цел набљудување на процесот и координирање на активностите на експертската група. Експертската група според и самиот план на активности беше формирана во првата половина од првиот месец од имплементацијата на проектот. | | развиен модул за програмата палијативен негувател |
| 2. Развивање на модулот/програмата за Палијативен негувател; | Во рамките на оваа активност се работеше и на развивање на модулот/програмата за Палијативен негувател. Оваа активност беше реализирана во текот на втората половина на првиот месец од имлементацијата на проектот. Истата траеше до крајот на вториот месец од имплементацијата на проектот. Експертите беа поделени по соодветните области на нивната експретиза, односно по модули согласно програмата. Најнапред беше развиена методологијата за програмата за обука која е поделена на: теоретски дел и практичен дел. Соодветно истот така беа развиени и комплетни материјали за спроведување на обуката како што се: презентации, хендаути и дополнителни материјали за учесниците. Врз база на обезбедените материјали за учесните ќе биде развиен прирачник кој ќе им се додели по завршување на курсот за понатамошно користење во текот на нивната работа како палијативни негуватели. Програмата е поделена на тероетски дел и практичен дел во неколку модули како што се: Теоретски дел – 5 модули 1. Палијативна нега и грижа - 10 часа 2. Дефинирање на поимот Палијативна нега - 10 часа 3. Карактеристики на пациентите кои имаат потреба од Палијативна нега - 10 часа 4. Етички принципи на Палијативната нега - 10 часа 5. Достоинствена смрт како крај на животот и улогата на Палијативниот негувател - 10 часа Практичен дел – 7 модули 1. Запознавање со работната средина на Оддел Сју Рајдер и неговите | Август и Септември 2021 | - Развиен модул; - развиени прирачник за теретски и практичен дел на обуката; -развиени презентации, хендаути и други материјали за програмата/модулот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | специфики во услови на Ковид 19 пандемија 2. ЛЗО и нејзино користење општо и во услови на Ковид пандемија 3. Подготовка на болничкиот кревет и соба во услови на Ковид пандемија 4. Нега и капење на Палијативен пациент 5. Исхрана на Палијативен пациент 6. Останати интервенции и манипулации околу Палијативен пациент 7. Процедура во случај на смрт на Палијативен пациент | | |
| 3. | Отварање на јавен повик за регрутирање на заинтересирани млади Роми за обука за Палијативен негувател; | Воедно додека се имплементираше активноста број 2, во исто време се подготвуваше и се објави јавен повик за регрутирање на заинтересирани млади Роми за обуката за Палијативен негувател. Јавниот повик беше објавен на 13.08.2021 и истиот траеше 15 дена, до 28.08.2021. Јавниот повик беше споделен преку сите социјални мрежи, како и на веб страната на РРЦ и на Болницата "13 Ноември", на facebook на РРЦ и др. Исто така беше направена и google forma преку која можеа заинтересирани да аплицираат. Истата исто google формата за пријавување беше објавена на фб и веб страната на партнерите во проектот. При дисеминирањето на повикот мора да се истакне ангажираноста на партнерот во проектот преку информирање на лица заинтересирани за програмата од нивното окружување, лица кои од претходно биле заинтересирани за вакава обука а досега немале шанса да помината вакаква обука. На повикот вкупно аплицираа 30 лица. Мораме да истакнеме дека имаше мал интерес за пријавување на млади Роми, поради што проектниот тим одлучи да даде можност за вклучување на поголем број на учесници кои се припадници на другите етнички заедници а покаажаа соодветно интерес за курсот. | Август 2021 | -подготвен и објавен повик за аплицирање -подготвена google forma за аплицирање - 30 кандидати пријавени за курсот/обуката за палијативен негувател |
| 5. | Селекција на најмалку 30 млади Роми заинтересирани за обукатаа за Палијативен негувател; | За потребите на правилна селекција на кандидати за обуката за Палијативен негувател беше формирана посебна комисија за селекција. Комисијата е составена од претсавници од РРЦ како лидер на проектот и Специјализиранага болница за геријатриска палијативна медицина "13 Ноември" како партнер на проектот. Селекцијата беше спроведена на крајот на 27.09.2021, и самите учесници беа директно информирани за вклучувањето во програмата, како и за време од кога ќе почнат со посета на обуката. Од лицата кои аплицираа за програмата беа селектирани 30 учесници со кои воедно беше направено интервју пред нивно вклучување. | Септември 2021 | -формирана комисија за селекција -селектирани 30 учесници за програмата/обуката |
| 6. | Спроведување на програмата/обуката за палијативен негувател; | Обуката за палијативен негуватеље почна на 12.10.2021 година. На почетокот од обуката беше спроведено тестирање со кандидатите со цел да се индетификуваат нивните знаења во однос на палијативната нега. Истиот тест беше спроведен и после завршување на обуката за да може соодветно да се измери нивото на стекнато | Октомври 2021 – Јануари 2022 | - Спроведени 30 теоретски часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | знаење и вештини од областа на палијативна нега. Програмата е поделена во два дела: теоретски и практичен дел. Теоретскиот дел е планиран да се спроеведува до крајот на ноември 2021. Обуката се спроведуваше два пати неделно (Среда и Петок) во просториите на Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина “13 Ноември“ . Од 01 декември обуката продолжи со практичниот дел на обуката. За поефективна и поефикасна имплементација на обуката, како и запазување на мерките за заштите од КОВИД 19, учесниците беа поделени во групи. На почетокот од обуката се откажаа 9 учесници, со што проектниот тим правеше напори да се обезбедат дополнително 9 учесници кои имаат интерес за обуката. Обуката ја посетуваа 22 лица, и на крајот комплетно ја заврши ја 16 лица. | | |
| 6, Тестирање за проценка на нивото на стекнато знаење од обуката; | Во рамките на оваа активност беше креиран соодветен тест за проценка на пред знаењето за темата. Со тестот се изврши оценување на почетното пред знаење на Кандидатите околу Палијативната нега што на реализаторите на обуката ќе им ја олесни селекцијата на кандидатите. Второто тестирање се спроведе на крајот на обуката, односно по успешно завршување на обуката. Учесниците се тестираа за теоретскиот и за практичниот дел. За оценувањето беше задолжена посебна комисија за оценување. Целта на тестирањето да се обезбедат објективни оценки за стекнатото знаење за теоретскиот и практичниот дел. Комисијата даде соодветна оценка на сите кандидати врз чија основа ќе се изберат најдобрите кандидати. Врз основа на овие два теста се изврши евалуација на почетното и финалното знаење и вештини со кои се стекнале кандидатите на обуката за палијативен негувател, и ова е еден од критериумите за евалуација и на самиот проект. | Октомври 2021 и јануари 2022 | -22 учесници на обуката тестирани со пред наење за темата на обуката;<br>-16 учесници на обуката тестирани со стекнато знаење за темата на обката; |
| 7. Ангажирање на најдобрите 20% од кандидати за палијативни негуватели во рамките на Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина “13 Ноември“Скопје. | Врз основа на спроведеното тестирање и резултатите добиени од тестирањето, Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина “13 Ноември“ склучи договор за ангажирање со најдобрите 6 кандидати за Палијативни негуватели. Ангажманот ќе биде на 12 месеци. За истите ќе има можност за продолжување на договорот на неопределно време. | 01/2022 | -Ангажирани 6 кандидати како резултат на проектот за палијативни негуватели во болницата |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Како најзначителен проблем во текот на имплементацијата претставуваше пандемијата со КОВИД 19. Како и препораките кои тековно се менуваа на месечно/неделено ниво од страна на комисијата за здравство, со која успешно се справивме, за што сведочат реализираните активности. Особено би истакнале дека проблем беше ниското ниво на заинтересираност на млади кандидате од ромската заедница, поради стравот од можна инфекција. Особено важно е да се истакне дека дел од учесниците беа инфицирани од КОВИД 19 со потешки симтоми поради што се откажаа од понатамошно следење на обуката. Поради тоа, проектниот тим одлучи оваа можност да се прошири и за други заинтересирани кандидати од другите етнички заедници. Согласно протоколите, бевме приморани учесниците да ги поделиме во 3 групи со цел да се обезбедат максимални услови за заштита. Поделбата на учесниците во неколку групи нема влијание врз квалитетот на обуката/курсот за палијативен негувател.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| - Објавен повик за програмата/обуката палијативен негувател | Број на учесници<br>Број на објави | објавен повик на фб страна и веб страна на 5 РРЦ и Болнцата „13 Ноември"Скопје - изготвена google form за заинтересирани апликанти со цел за поголема видливост на проекто | Објавени се повеќе од 10 поста на фб и на веб страната на РРЦ како и на веб страната на партнерот за спроведување на обуката |
| - Информативни постови на facebook | 1000 | 25 објави на facebook | 25 објави на facebook |
| - Гостување на медиум за промоција на проектот | Јавност на утринска програма | / | / |
| - Објави на веб страна на РРЦ | 320 прегледи | / | / |
| - Објави на веб страна на Специјализираната болница „13 ноември" | 218 прегледи | / | / |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Согласно постигнатите резултати и индикаторите на проектот, заклучокот е дека со проектот се постигнати планираните цели.

Со спроведената програма за обука на млади невработени за палијативни негуватели директно се придонесе кон подобрување на услугите за палијативните пациенти во рамките на Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина "13 Ноември" во време на КОВИД 19. Според евалуацијата на постигнатите знаења и вештини Специјализираната болница „13 ноември" планира да ги ангажира најдобрите 6 кандидати во период од 12 месеци со

можност за продолжување на ангажманот. Со тоа директно се придонесува кон економско зајакнување на млади невработени Роми во време на пандемија со КОВИД 19.

Преку проектот се постигнаа следните долгорочни резултати и тоа:

1. Развиена програма за обука за палијативни негуватели која во иднина ќе може да се верификува и да прдуцира редовно кадри за палијативни негуватели;
2. Обучени и оспособено 16 млади Роми од социјално загрозени семејства за палијативни негуватели;
3. Ангажирани најмалку 6 млади Роми во Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина “13 Ноември“ кои успешно ја поминале програмата за палијативни негиватели.

Како идни активности од проектот е ангажманот на 6 најдобри канидадите од обуката да работата како палијативни негуватели во рамките на специјализираната болница „13 Ноември“. Дополнително Ромскиот Ресурсен Центар во соработка со специјализираната болница „13 Ноември“ ќе побара дополнителна финансиска поддршка за продолжување на оваа пракса за нови кандадите млади невработени како и финансирање на процесот на ферификување на програмата за обука на палијативни негуватели.

Оддржливоста на проектот ќе се обезбеди со следните активности кои ќе продолжат после завршување на проектот:

- Развиена програма за обука на палијативни негуватели како нов модел за поддршка на палијативните услуги во Република Северна Македонија;
- Ангажирани 6 млади невработени Роми да работата како палијативни негуватели во рамките на специјализираната болница „13 Ноември“;
- Подготвен прирачник за палијативни негуватели кој ќе се користи во понатамошно зајакнување на капацитете на идни кандидати за палијативни негуватели.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **455444** | **455445** | |
| Плати | 193900 | 193900 | |
| Придонеси и даноци од плати | 21544 | 21545 | |
| Надоместоци и хонорари | 216000 | 216000 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 24000 | 24000 | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **21000** | **20941** | |
| Транспорт | 21000 | 20941 | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Друга опрема (специфицирај) | | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **122899** | | **101355** | |
| Канцелариски материјали | 17899 | | 17899 | |
| Други трошоци (специфицирај) | 75000 | | 53456 | При поднесување на буџетот направена е грешка при поднесување и собирање на вкупниот износ и побарани се за ставката 75.000 денари и реално со тоа се надминува вкупниот буџет. Со цел да се задржиме во рамките на побараните парични средства за оваа ставка се потрошени 53.456 денари. |
| Принтање на прирачници | 30000 | | 30000 | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **4200** | | **3699** | |
| Трошоци за комуникација Интернет | | | | |
| Банкарски провизии | 4200 | | 3699 | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | **18000** | | **18000** | |
| Користење канцеларија | | | | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | 18000 | | 18000 | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | | |
| Договори за услуги | | | | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | | |
| Публикации | | | | |
| Конференции и работилници | | | | |
| Комуникациски продукти | | | | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600000** | | **599440** | **Остаток на жиро сметка 560 денари** |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кои вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

| |
|---|
| **8. Документација**<br>(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај) |

**Во прилог на Завршниот извештај доставуваме:**
Договори за проектниот тим, јавен повик за кандидати за палијативни негуватели, записник за селекција на кандидати, договори за експерти, развиена програма за палијативен негвател, развиени модули за обуката за палијативен негувател, копии од листи на учесници, фотографии од обуките, прирачник за палијативен негуваетел, тестови пред и после обуката за учесниците, копии од доделени сертификати.

Детална документација за сите трошоци според буџетски ставки: договори, налози за исплати и извештаи за исплатени хонорари со рекапитулари од УЈП, извод од банка, сметки за патни трошоци, фактури.

Ипек Усаинова

Скопје, 07. 02. 2022 год.

(Место) (датум)

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)